**ШТО Е VCAL?**

Викториското свидетелство за применето учење [The Victorian Certificate of Applied Learning (VCAL)] е практична можност за учениците во 11 и 12 година.

VCAL ви дава практично работно искуство, писменост и нумеричка писменост, како и можност да ги развивате вашите лични способности кои се важни во животот и работата. Како и Викториското свидетелство за образование [Victorian Certificate of Education (VCE)], VCAL е призната квалификација.

Учениците кои учат за VCAL веројатно ќе бидат заинтересирани да одат на обука во TAFE, да работат како чираци или да се вработат по завршувањето на училиштето. Меѓутоа, ако почнете да учите за VCAL, а потоа одлучите дека VCE е сепак вистинската опција за вас, нема да биде доцна да се премислите. Всушност, секоја наставна единица на VCE што ќе ја завршите како дел од вашето VCAL, ќе се земе предвид за вашето VCE, ако решите да се префрлите од едниот на другиот курс за свидетелство.

Флексибилноста на VCAL ви овозможува да одберете учебна програма што ве интересира и одговара на вашите образовни потреби. Целосно признати модули и единици се избрани за следните четири задолжителни области (strands):

- Способности на писменост и нумеричка писменост (Literacy and Numeracy Skills)
- Работни способности (Work Related Skills)
- Способности за конкретни стопански гранки (Industry Specific Skills)
- Способности за личен развој (Personal Development Skills)

Ако успешно завршите VCAL/VCE, ќе добиете свидетелство и извештај за резултатите, во кој детално се наведени областите на учење што сте ги завршиле.

**Што треба да знам**

**Зошто да се определам за VCAL?**

VCE е добра опција за учениците кои сакаат образованието да го продолжат на универзитет. Меѓутоа, може да мислите дека тоа не е вистинската опција за вас.

VCAL е акредитирана виша средношколска акредитација за која се учи во 11 и 12 година. VCAL е засновано врз учење низ пракса, познато и како „применето учење“.

Ако одберете да учите за VCAL, вие ќе се здобиете со практично искуство и способност за „вработливост“, како и способности што ќе ви требаат за натамошна обука на работното место или на TAFE.

**Кога можам да учам за VCAL?**

Вашата VCAL програма може да ја почнете во 11 или 12 година на средното училиште. Исто така, за VCAL може да се учи во повеќето TAFE институти и во мал број центри за образование на возрасни [Adult Community Education (ACE)].

**Кои се степените на VCAL?**

VCAL има три степени - Основен (Foundation), Среден (Intermediate) и Висок (Senior). Вие ќе го почнете и завршите вашето VCAL на степен што им одговара на вашите потреби и способности.

**Има ли критериуми за запишување?**

Не. Вие го почнувате VCAL на степенот соодветен на вашите способности. Вашиот наставник или советник за професионална ориентација (careers counsellor) може да ви помогне да одлучите кој степен ви одговара.

**Колку трае учењето за VCAL?**

VCAL е наменет за учениците во 11 и 12 година. Вие може да добиете VCAL свидетелство и извештај за резултатите откако успешно ќе ја завршите вашата VCAL програма на степенот што сте го одбрале.

**Што добивате по завршувањето на VCAL?**

Ако успешно ја завршите вашата VCAL програма, вие ќе добиете VCAL свидетелство за Основен, Среден или Висок степен, зависно од степенот на VCAL што сте одбрале да го изучувате. Исто така, ќе добиете извештај за резултатите, во кој се наведени сите VCAL, VCE и VCE VET единици.

**Каде можам да учам за VCAL?**

Курсови за VCAL може да се изучуваат во цела Викторија во училиштата, TAFE институтите и во некои центри за образование на возрасни [Adult Community Education (ACE)]. На интернет страницата www.vqa.gov.au е списокот на сите установи во кои може да се учи за VCAL.

**Што се зема предвид за моето VCAL?**

**Што е Свидетелство за професионално образование и обука [Vocational Education and Training (VET) certificate]?**

Програмите за обука VET им даваат можност на училиштата, институтите за обука и на стопанството да работат заеднички во подготвувањето на учениците за вработување и натамошна обука. Во мнозинството средни училишта се на располагање курсови за Професионално образование и обука (VET) кои придонесуваат за задоволително исполнување на условите за VCAL и даваат професионални квалификации кои се признати во цела Австралија.

**Дали тоа ќе се земе предвид за моето VCAL?**

Да. Треба да разговарате со вашиот наставник или советник за професионална ориентација за да се утврди колку од вашето претходно учење се зема предвид за вашето VCAL и заради планирање на остатокот на вашата VCAL програма.

**Јас веќе учев еден VCE предмет. Дали тоа се зема предвид за моето VCAL?**

Да, ако имате резултат „S“ за VCE, тоа ќе се земе предвид за вашето VCAL. Треба да разговарате со вашиот наставник или советник за професионална ориентација заради планирање на остатокот на вашата VCAL програма.

**Ако се премислам, може ли да се префрлам на VCE?**

Да. Ако се премислите и сакате да преминете на VCE, или ако сакате да учите за VCE откако сте завршиле VCAL, секоја VCE единица што успешно сте ја завршиле како дел од вашето VCAL, ќе се земе предвид за вашето VCE. Исто така, постои можност да ги пренесете оценките за други единици и модули што сте ги завршиле како дел од вашето VCAL. Ако се решите за таа опција, треба да разговарате со вашиот наставник или советник за професионална ориентација.

**Дали додека учам за VCAL може да работам со неполно работно време (part-time) и/или да продолжам со чиракувањето (apprenticeship)?**

Вас може да ви биде призната работата со неполно работно време додека учите за VCAL и за неа може да добиете оценки. Таа работа може да опфаќа:

- Работа со скратено работно време како чирак или ученик на обука (part – time apprenticeship or traineeship)
- работа со скратено работно време (part-time work)
- влегување на работа (work placements).

**Како се оценува VCAL?**

VCAL го сочинуваат акредитирани курсови/свидетелства. Вашата VCAL програма ја оценува вашиот наставник во согласност со критериумите за оценување за секој дел од програмата.

**Дали треба да го полагам Тестот на општи постигања (GAT)?**

GAT (General Achievement Test) е тест на знаење и способности по пишување, математика, наука и технологија, хуманитарни и општествени науки, и уметност. Тој тест го полагаат сите ученици кои учат една или повеќе низи (sequences) на VCE единиците 3 и 4. Од 2007 година, учениците кои изучуваат некоја оценувана низа на VCE VET единиците 3-4 (scored VCE VET Unit 3-4 sequence) исто така ќе треба да го полагаат GAT. Учениците кои се запишани само на VCAL единици не треба да го полагаат GAT. Меѓутоа, вие може да го полагате GAT ако тоа одговара на вашиот професионален пат кон натамошно образование, обука и вработување.

**Што ќе учам?**

Со помош на вашиот учител или советник за професионална ориентација, вие може да составите VCAL програма што им одговара на вашите конкретни потреби од учење и интересирања. Вие може да одберете единици и модули во секоја од следните четири задолжителни VCAL области (strands):

**Област 1 – Писменост и нумеричка писменост**

Вашата VCAL програма мора да опфаќа предмети по писменост и нумеричка писменост (literacy and numeracy). Тие може да бидат избрани меѓу единиците на VCAL на способности по писменост и по нумеричка писменост (VCAL literacy skills and VCAL numeracy skills units) и VCE англиски јазик и математика, или други курсови за натамошно образование како што е Свидетелството за општо образование за возрасни [Certificate in General Education (Adults)].

**Област 2 – Способности за конкретни стопански гранки**

Во вашата VCAL програма мора да бидат вклучени единици за конкретни стопански гранки (industry specific units) од програмите за професионално образование и обука (VET) или VCE VET. Меѓутоа, од вас не се бара да се сконцентрирате на кое и да е VET свидетелство или да го завршите. На пример, вие може да изберете да изучувате разни модули или единици од низа VET свидетелства, за да ги исполните условите за добивање на VCAL, и да се здобиете со искуство во низа професионални области. Обемот на опциите за VET е широк и ги опфаќа автомобилската индустрија, инжинерството, градежништвото, угостителството и трговијата, мултимедијата, информациската технологија, земјоделството, хортикултурата, складирањето и фризерската и козметичарската професија.

**Област 3 – Работни способности**

Со цел да ги развие способностите за „вработливост“, VCAL ви дава можност да одберете или структуирано вработување (structured work placement) или чиракување/обука со неполно работно време (part-time apprenticeship/traineeship), работа со неполно работно време (part-time work) или професионална пракса (work experience). Исто така, вие може да изучувате единици и модули кои ќе ви помогнат да се подготвите за работа; на пример, професионално здравје и безбедност, или способности за учество во интервју за вработување.

**Област 4 – Способности за личен развој**

Во рамките на вашата VCAL програма, вие ќе учествувате во проекти и активности во вашата заедница или училиште, што ќе ви помогнат во развојот на вашите способности за тимска работа, самодовербата и други способности важни во животот и работата. На пример, вашето училиште може да соработува со локалната општина во подобрувањето на зелените површини. Знаењето со кое ќе се здобиете во текот на тие активности може да се земе предвид како дел од вашето VCAL.

**Каде VCAL може да ме одведе?**

**Дали може да се запишам на високо образование ако успешно го завршам VCAL?**

Ако размислувате да се запишете на универзитет веднаш по училиште, VCAL веројатно не е најдобрата опција. Учениците кои планираат да отидат право на високо образование обично учат за VCE кое им овозможува да добијат ENTER резултат од Викторискиот центар за прием на третостепено образование [Victorian Tertiary Admissions Centre (VTAC)]. Ако учите за Висок степен на VCAL и решите да се запишете на универзитет, разговарајте со вашиот наставник или советник за професионална ориентација, зашто некои универзитети може да примаат студенти со VCAL свидетелство за Висок степен. Меѓутоа, запишувањето веднаш по завршувањето на училиште не е единствениот пат кон универзитет. Некои најнапред одат на TAFE на некој курс за професионално образование и обука за кој се добива диплома (Diploma) или повисока диплома (Advanced Diploma), па потоа одлучуваат дека може да им користат студии на универзитет. VCAL би можел да биде добар почеток на тој пат.

**Кои се моите опции по завршувањето за VCAL?**

VCAL ќе ви даде практично работно искуство и квалификации што ќе бидат признати од TAFE институтите и работодавците. Сето тоа заедно ќе ви помогне од училиште да отидете на работа, на чиракување или обука, и/или на натамошна обука на TAFE.

Или, ако учењето за VCAL сте го почнале на Основен степен во 11 година и успешно сте го завршиле, може да размислувате да завршите VCAL на Среден или Висок степен во 12 година. Или може да ги преразгледате вашите опции и да одлучите дека, сепак, универзитетот е вистинскиот избор, па да се префрлите на VCE.

**Дали VCAL ќе ме подготви да се вработам во некој занает?**

Кога ќе завршите за вашето VCAL, вие ќе добиете оценка за некое занаетско или индустриско свидетелство, и ќе имате познавања од области како што е професионалното здравје и безбедност [Occupational Health & Safety (OH&S)]. Ова претходно учење ќе биде признато и земено предвид за вашето чиракување или работна обука.

За да дознаете повеќе за VCAL, јавете се на Викториската служба за наставна програма и оценување (Victorian Curriculum and Assessment Authority) на 1800 134 197 или посетете ја интернет-страницата www.vcaa.vic.edu.au